Август, 2024	- Распределба на часови по наставници и одделенско раководство за учебната 2024/2025 година и задолженија на наставниците за реализација на наставните предмети и воннаставните активности - Давање насоки за планирање на воспитно – образовната работа	директор наставници стр.сораб.
Септември/ октомври, 2024	- Информација за водењето на педагошката евиденција и документација; - Разгледување и усвојување на Закони, Правилници, програми.	директор наставници стр.сораб.
Ноември, 2024	- Реализација на наставниот материјал - Разгледување и утврдување на успехот и поведението во текот на I тромесечие од учебната година, дисциплината, редовноста и други пројавени проблеми; - Изрекување на педагошки мерки и пофалби.	директор наставници стр.сораб.
Јануари, 2025	- Реализација на наставниот материјал по првото полугодие - Разгледување и утврдување на полугодишниот успех, поведение и изостаноци кај учениците - внесени во полугодишниот извештај за Iполугодие; - Мерки за подобрување на успехот, дисциплината и редовноста; - Изрекување на педагошки мерки. пофалби и награди.	директор наставници стр.сораб.
Март/Април,2025	- Реализација на наставниот материјал по III тромесечие - Разгледување и утврдување на успехот и поведението, редовнста и дисциплината во текот на III томесечие од учебната година; - Изрекување на педагошки мерки и пофалби	директор наставници стр.сораб.

Мај, 2025	- Подготовка за одбележување на Денот на училиштето - Избирање на првенец на генерација со континуирано одличен успех	директор наставници стр.сораб.
Јуни, 2025	- Реализација на наставниот материјал на крајот од учебната година - Разгледување и утврдување на годишниот успех на учениците; - Утврдување на успехот од дополнителната настава; - Формирање комисии за спроверување на испитите за учениците кои не покажале успех од продолжителната настава и одделенски испити. - Формирање комисии и тимови за изработка на Годишната програма за работа	директор наставници стр.сораб.
Јуни, јули, 2024	- Разгледување и предлагање на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година	директор наставници стр.сораб.

По потреба на секој состанок може да се разгледуваат актуелни прашања за животот и работата на училиштето, да се презентираат информации и упатства од Министерството за образование и наука, од локалната самоуправа, да се разгледуваат сознанија од родителските состаноци, состаноците на Советот на родители, Училишниот одбор, како и на стручните активи. Наставничкиот совет, донесува Одлуки во врска со реализацијата на Годишната програма на училиштето и решава по приговори од страна на родители. По потреба бројот на состаноците на Наставничкиот совет може да биде и поголем во одредени месеци.

Прилог број 1.9

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКИОТ СОВЕТ

за учебната 2024/2025 година

	Содржина	**Време**	**Учесници**	**Забелешки**
1	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците по првото тромесечие Изостаноците од учениците. Пофалби и казни.	ноември 2024.	наставници стручни соработници директор	
2	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците по првото полугодие Изостаноците од учениците Пофалби и казни.	јануари 2025.	наставници стручни соработници директор	
3	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците по третото тромесечие Изостаноците од учениците Пофалби и казни.	април 2025.	наставници стручни соработници директор	
4	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година Изостаноците од учениците Пофалби и казни.	Јуни 2025.	наставници стручни соработници директор	
5	Разгледување на успехот и поведението на учениците по продолжителната настава/полагањата	јуни 2025.	наставници стручни соработници директор	(доколку има ученици упатени на полагање)
6	Разгледување на успехот и поведението на учениците по продолжителната настава/полагањата	август 2025.	наставници стручни соработници директор	(доколку има ученици упатени на полагање)

Одделенскиот совет предлага изрекување пофалби и педагошки мерки за ученици до Наставничкиот совет кој треба да ги разгледа и донесе одлука за истите.

Прилог бр. 1.10.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СТРУЧЕН АКТИВ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА
во ООУ „МанчуМатак“ – Кривогаштани – 2024/2025 година

Врз основа на самоевалуацијата на наставниците и стручните соработници и новините и насоките дадени од Министерството и наодите од последната интегрална евалуација, се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби во однос на потребите за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи.

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитувамислењето од секој.

Наставниците од одделенска настава ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции. Се планираат и интерни обуки и десиминации.

Имајќи го тоа предвид, Стручниот актив од одделенска настава во за учебната 2024/2025 г. во согласност со својата програма за работа планира состаноци, дебати, размена на мислења и материјали, презентации, реализација на нагледни часови и успешна реализација на следниве приоритети:

- Професионална ориентација на учениците (екстерна обука, планирања, реализација)
- Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата (интерна обука, планирања, реализација)
- Унапредување на менталното здравје (интерна обука, консултации, реализација)
- Унапредување на оценувањето на учениците

Цел	Активност	Начин на спроведување	Време на реализација	Носители/ одговорни	инструменти/ ресурси	Очекувани резултати
Унапредување на оценувањето	- Планирање на оценувањето и запознавање на учениците со истото	Тимска работа	Август, септември	Активи, Стручни соработници наставници	Компјутер, хартија, Планирања, материјали за работа	- планирано оценување - запознаени ученици
	- Изготвување на критериуми за оценување за секое одделение по секој предмет	Тимска работа	Септември, октомври	Активи, Стручни соработници наставници	Компјутер, хартија, Критериуми, наставни програми	- 100% од наставниците да имаат изготвено критериуми за одделението во кое предаваат
	Повратни информации по следење на часови	Индивидуална и тимска работа	Јануари, 2025	Стручени актив	Извештаи	- 90% од наставниците го планираат и оценуваат согласно критериумите за оценување

Креирање училишна клима и култура која поддржува професионалн а ориентација и кариерно советување во основното училиште	Екстерна обука	обука	Јули, 2024	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Обучени наставници: - за креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација
	Дефинирање на интегрирани активности по одделенија	Индивидуална и тимска работа	Октомври, ноември	Стручен актив	Компјутер, хартија, програми	Изготвени програми по одделенија/периоди
	Дизајнирање на модели за вклучување на децата со потешкотии и родителите во процесот на професионална ориентација	Индивидуална и тимска работа	Декември, 2024	Стручен актив Одделенски раководители, стручни соработници	Компјутер, хартија,	Изработени модели во рамките на протоколот за професионално информирање на учениците
Развивање на свеста од важноста на менталното здравје кај учениците и наставниците	Интернаобука	Обука	Октомври, 2024	Педагог, специјален едукатор и рехабилитатор	Презентации, материјали	Стекнати сознанија, вештини и способностиза важноста од менталното здравје Обученинаставници
	Дефинирање на активности по одделенија	Индивидуална и тимскаработа	Ноември, декември, 2024	Стручни активи Стручни соработници, наставници	Компјутер, хартија, програми	Зголемен број на активности кои го унапредуваат менталното здравје
Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата	Интерна обука	Обука	Февруари, 2025	Стручни соработници	Презентација, стручни материјали	Обучени наставници
	Дизајнирање на планирања во кои ќе се внесе поголемо користење на современи методи, форми и нагледни средства	Индивидуална и тимска работа	Март, 2025	Стручени актив	Планирања, стручни материјали	Избрани современи методи форми и нагледни стредства кои ќе се користат
	Повратни информации по следење на часови	Индивидуална и тимска работа	Јуни, 2025	Стручени актив	Извештаи	Согледување на состојбата по спроведената обука и примената на часовите

Претседател на стручен актив од одделенсканастава:
Магдалена Дисоска

Прилог бр. 1.11.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СТРУЧЕН АКТИВ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2024/2025 година

Врз основа на самоевалуацијата на наставниците и стручните соработници и новините и насоките дадени од Министерството и наодите од последната интегрална евалуација, се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби во однос на потребите за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи.

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

Наставниците од предметна настава ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции. Се планираат и интерни обуки и десиминации.

Имајќи го тоа предвид, Стручниот актив од предметна настава во за учебната 2024/2025 г. во согласност со својата програма за работа планира состаноци, дебати, размена на мислења и материјали, презентации, реализација на нагледни часови и успешна реализација на следниве приоритети:

- Професионална ориентација на учениците (екстерна обука, планирања, реализација)
- Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата (интерна обука, планирања, реализација)
- Унапредување на менталното здравје (интерна обука, консултации, реализација)
- Унапредување на оценувањето на учениците

Цел	Активност	Начин на спроведување	Време на реализација	Носители/ одговорни	инструменти/ ресурси	Очекувани резултати
Унапредување на оценувањето	- Планирање на оценувањето и запознавање на учениците со истото	Тимска работа	Август, септември	Активи, Стручни соработници наставници	Компјутер, хартија, Планирања, материјали за работа	- планирано оценување - запознаени ученици
	- Изготвување на критериуми за оценување за секој предмет	Тимска работа	Септември, октомври	Активи, Стручни соработници наставници	Компјутер, хартија, Критериуми, наставни програми	- 100% од наставниците да имаат изготвено критериуми

	Повратни информации по следење на часови	Индивидуална и тимска работа	Јануари, 2025	Стручени актив	Извештаи	- 90% од наставниците го планираат и оценуваат согласно критериумите за оценување
Креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација и кариерно советување во основното училиште	Екстерна обука	обука	Јули, 2024	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Обучени наставници: - за креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација
	Дефинирање на интегрирани активности по одделенија	Индивидуална и тимска работа	Октомври, ноември	Стручен актив	Компјутер, хартија, програми	Изготвени програми по одделенија/периоди
	Примена на сет прашалници за самопроценка на учениците	Индивидуална и тимска работа	Април, мај, 2025	Стручен актив Одделенски раководители Стручни соработници	Компјутер, хартија, google forms	Спроведени прашалници, согледани интереси и способности на учениците
	Дизајнирање модели на информирање и менторска поддршка при донесувањето одлуки на учениците	Индивидуална и тимска работа	Декември, 2024	Стручен актив Одделенски раководители Стручни соработници		Изработени модели во рамките на протоколот за професионално информирање на учениците
	Дизајнирање на модели за вклучување на децата со потешкотии и родителите во процесот на професионална ориентација	Индивидуална и тимска работа	Декември, 2024	Стручен актив Одделенски раководители, стручни соработници	Компјутер, хартија,	Изработени модели во рамките на протоколот за професионално информирање на учениците

Развивање на свеста од важноста на менталното здравје кај учениците и наставниците	Интерна обука	Обука	Октомври, 2024	Педагог, специјален едукатор и рехабилитатор	Презентации, материјали	Стекнати сознанија, вештини и способности за важноста од менталното здравје Обучени наставници
	Дефинирање на активности по одделенија	Индивидуална и тимска работа	Ноември, декември, 2024	Стручни активи Стручни соработници, наставници	Компјутер, хартија, програми	Зголемен број на активности кои го унапредуваат менталното здравје
Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата	Интерна обука	Обука	Февруари, 2025	Стручни соработници	Презентација, стручни материјали	Обучени наставници
	Дизајнирање на планирања во кои ќе се внесе поголемо користење на современи методи, форми и нагледни средства	Индивидуална и тимска работа	Март, 2025	Стручени актив	Планирања, стручни материјали	Избрани современи методи форми и нагледни стредства кои ќе се користат
	Повратни информации по следење на часови	Индивидуална и тимска работа	Јуни, 2025	Стручени актив	Извештаи	Согледување на состојбата по спроведената обука и примената на часовите

Претседател на стручен актив од предметна настава:
Антица Вренцоска

Прилог бр. 1.13.

Програма на инклузивен тим за образование
за учебната 2024/2025

Училишниот инклузивен тим во својата работа ќе се залага во училиштето:

- Наставната работа да се приспособува кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците;
- Да се применуваат разни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа;
- Да зајакнува самодовербата и самопочитта– интерните обуки, работилници и консултативни средби во училиштето помогаат многу од наставниците да се ослободат од предрасудите и стравот и да се мотивираат да работат по ученици со ПОП;
- Да се поттикнува и унапредува креативноста;
- Да се подобруваат индивидуалниот и креативниот живот и работа;
- Да се применуваат техники на креативно мислење;
- Да се развива кооперативното учење;
- Да се подобруваат личниот и социјалниот развој.

За унапредување на ИО во училиштето, тимот за ИО во училиштето ги планира следните активности:

Активности	**Реализатори**	**Соработници**	**Време на реализација**
-Состанокнатимотзадефинирањенаактивностите и програматазаработазановатаучебнагодина	Тимзаинклузија	Тимзаинклузија	Август 2024
- ПрезентацијанапрограматазаработапредНаставничкиотсовет, Советнародители и Училишенодбор	Директор, тимзаинклузија	Наставничкисовет, Советнародители	Септември – Октомври 2024
ЗајакнувањенаИнклузивниоттим-обуки и презентациинададенатема -формални и неформалнисредби/ состаноци-присуствонасеминари, работилници и конференции	Дефектолог	Тимот	Континуирано
- Работилницазаученицизаприфаќањенаразличностите, којасекојнаставникќејареализираначасовитепоживотнивештини	Дефектолог, тимотзаинклузија	тимот за инклузија Одделенските раководители	Еднаш до два пати во едно полугодие
-Идентификување на учениците со пропреченост и потешкотии во учењето	Педагог, психолог дефектолог, одделенски наставници	Наставници, родители	Континуирано

Изработкана ИОП заученицисопосебнипотреби	Дефектолог, наставници , родители	Педагог,психолог	Континуирано
Водењедосиезаучениците	Инклузивен тим на ученикот, дефектолог	наставници	Континуирано
Следење нанапредокотнаучениците, поддршкананаставниците и родителите	Тимотзаинклузија, Инклузивен тим на ученикот	наставници	Континуирано
Упатувањенаученицитекајстручниорганиустанови, прибирањеподатоци	Дефектолог, педагог, психолог	Наставници, родители	Континуирано
Поголема вклученост на учениците со ПОП во воннаставните активности и давање соодветна помош на наставниците во реализација на истите.	Дефектолог, Педагог, Психолог, наставници	родители	Континуирано
Давање соодветна поддршка и советување на учениците со ПОП.	Педагог, Психолог Дефектолог Одделенски наставници	родители	Континуирано
Поддршка и советувањенародителитенаученицитесопосебнипотреби	ТимотзаинклузијаНаставниците	Наставници	Континуирано
Поддршка на учениците со потешкотии.	Тимотзаинклузија Наставниците	Наставници	Континуирано
Учествонатрибини, обуки и конференциинатемаИнклузија и децасопосебниобразовнипотреби	ТимотзаинклузијаНаставниците	Наставници	Континуирано
Помош на наставниците во прилагодувањето на наставните материјали за учениците со тешкотии и со ПОП	Дефектолог, Педагог, Психолог	Наставници	Континуирано
Одбележување на 3ти декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потрени	Тимот за инклузија, наставници, родители, ученици	Здружение на граѓани	Декември 20224
Одбележување на 21 март – ден на лицата со даунов синдром	Тимот за инклузија, наставници, родители, ученици	Здружение на граѓани	Март 2025
Одбележување на Меѓународен ден на лицата со епилепсија	Дефектолог, наставник – Елена Кадинска	Здружение на граѓани	Март 2025
Одбележување на 2 април – меѓународен ден на лицата со аутистичен спектар на нарушување.	Тимот за инклузија, наставници, родители, ученици	Здружение на граѓани	Април 2025

АКЦИОНЕН ПЛАН НА ТИМОТ ЗА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Задача	Активност	Временареализација	Носител	Начиннаспроведување (ресурси)	Инструменти	Очекуванирезултати	Одговорнолицезаследење
Операционализацијанаполитикатазаработасоученицисопосебниобразовнипотреби и емоционалнипотешкотии	Изработканагодишнапрограмазаработа и акционенплан	Август	УИТ	Насокизаизработканагодишнапрограмазаработанаучилиштето		Вопрограмитезаработасевклучениактивностизаинклузивнообразование	Членод УИТ
Идентификацијанаученицисо ПОП	Разговорисонаставници и раководител, идентификувањенаученицитесо ПОП	континуирано	Наставници УИТ	Дијалог, процедуразаследење и изработканаИОП, упатувањена учениците во соодветни институции.		Евиденцијанаученицисопосебниобразовнипотреби и изграденасоодветнастратегијазаработасонив	УИТ
Изготвувањенаиндивидуаленобразовенплан	*Ревидирањена ИОП (форма, содржина...) *Изготвувањена ИОП (долгорочен, среднорочен, дневнопланирањенадиференцираницели)	Континуирано	Наставници, стручнисоработници родители	*Годишнапрограмазасоодветноодделение Инклузивен тим на ученикот	формуларза ИОП	Успешноприлагоденаставнатапрограмазаученицитесо ПП.	УИТ
Континуиранаподдршканаученицитесо ПОП	*Консултативназговоринастручнитесоработницисоодделенскитенаставници, раководители и	Вотекнаучебнатагодина	Стручнисоработници, одделенскинаставници, одделенскираководители,	Консултативно-советодавнаработа, социјалниработници, ЦСР	Досиенаученикso ПП	*Подобрувањенапостигањата *Вклучувањевоживототнапаралелката, училиштето и локалнатазаедница	УИТ

	родители *Советодавно-консултативнаработасоученицитесоемоционалнипотешкотии и посебнипотреби		родители, ученици			*Зајакнувањенародителскитевештини и капацитети	
Следењенаактивностите и постигањатанаученицитесо ПОП	*Евиденцијазаусп ехот, редовноста и однесувањетонаученицитесо ПОП *Ревидирањена ИОП	Полугодие Крај на учебна година	Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители	Евидентнилистовизаоценување	евидентенлисттазаследењенаучениците сред. ИОП	*Проценанапостигањата *Вклучувањенаовиеученицивогрупнаработа и слободниученичкиактивности	УИТ
Обезбедувањеподдршкаодсоучениците	Советодавно-консултативниразговорисоодделенскитенаставници и раководителисоодделението, родителите	Вотекнаучебнатагодина	Стручнисоработници, одделенскинаставници, одделенскираководителипредметнинаставници, родители, ученици	Консултативно-советодавнаработа.	Досиенаученикссо ПП	Подобрувањенапостигањата и насоцијализацијатанаученицисо ПОП	УИТ
Подобрувањенасоцијалната и емоционалнатасостојбанаученицитесо ПОП	*Разговорисоучениците*Советодавниразговорисородителитенародителски и индивидуалнисредби	ноември	Стручнисоработници, одделенскинаставници, одделенскираководители, предметнинаставници, родители	Консултативно-советодавнаработа		Развивањенасамодоверба и самопочитувањекајовиеученици	УИТ

Подобрувањенаинклузивнатапрактика	Инструктивнаработасонаставници	Вотекна учебната година	Стручнисоработницинаставници	Консултативно-советодавнаработа		Постигањенапланираните целивовоспитнообразовниотпроцеснадецатасопосебнипотреби.	УИТ
Поттикнување на свеста на учениците и наставниците за лицата со попреченост.	*Одбележување на 3ти декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потрени *Одбележување на меѓународен ден на лицата со епилепсија * Одбележување на 21 март – ден на лицата со даунов синдром * Одбележување на 2 април – меѓународен ден на лицата со аутистичен спектар на нарушување.	Декември 2024 Март 2025 Април 2025	Тимот за инклузија, наставници, родители, ученици		Работилници Културни активности.	Подобрување на прифатеноста на лицата со попреченост во секојдневниот живот.	УИТ

Инклузивен тим:

1. Даниела Мицеска - директор,
2. Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор,
3. Анета Гулабоска - психолог
4. Кристина Котеска – родител,
5. Деан Бунески – родител,
6. Елена Белеска – наставник
7. Милена Чируноска – наставник.

Прилог 1.14.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ХОР
ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

ДИРИГЕНТ:
Јане Петкоски

Целта на УЧИЛИШНИОТ ХОР е учениците да ги прошират знаењата и способностите во областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;
- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упаства на диригентот – менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на другите народи;

ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС: Структуирање на содржините

ДЕЛАТА ЗА ОБРАБОТКА	*Конкретни цели* Ученикот:	*Дидактички насоки* Наставникот:	**Време на реализација**
Аудиција	- да е музикален; - да има чист глас; - да поседува соодветен тонски распон на гласот; - да демонстрира една песна по свој избор;	- организирање на целосна аудиција (формирање на нов хор); -распејување; -колективно пеење; -поединечно преслушување; -нотен запис на народната песна ,,Билјана платно белеше” како најдобра заради дијапазонот (децима); - реаудиција на новопримени хористи -членови	- септември -во текот на цела учебна година

Основи на вокалната техника	-да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето; -да дише правилно; -да применува вежби за дишење; -да демонстрира распејување;	-објаснува за основните елементи на вокалната техника -објаснува вежби за распејување; -објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи; -објаснува за внатрешен слух; -дискутира за пеењето со образложение дека тоа не е само физиолошка туку е и интелектуална дејност а потребно е и емоционално доживување на тоновите за да можат да допрат до свеста и душата на слушателот;	- септември - октомври - во текот на цела учебна година
Рум, дум, дум – обработка на двогласна песна од прирачникот со хорски композиции на Д.Шуплевски	-да дискутира за карактерот на композицијата; -да демонстрира вокална интерпретација	- објаснува за канон и начинот на изведба	-октомври -ноември
Божиќна песна(хорски аранжман во 2 гласа)	-да објаснува за текстот на песната; -да дискутира за карактерот на композицијата;	-објаснува за карактерот на песната;	-ноември -декември -јануари
Обработка на забавни песни – по избор на учениците и наставникот	-да дискутира за формата на композицијата; -да се приспособува за интерпретација со придружба на инструмент; -да пее соло; -да објаснува за карактерот на композицијата;	-објаснува за начинот на исполнување на композицијата; -работа со солистите;	-јануари -февруари -март
Обавезна композиција за натпревари	- да дискутира за формата на композицијата; - да се приспособува за интерпретација;	-објаснува за начинот на исполнување на композицијата	-јануари -февруари -март -април -мај
Композиции за патронен празник	-да дискутира за карактерот на комозицијат. -да објаснува за текстот;	-објасува за карактерот на компопзицијата; -објаснува за начинот на интерпретација;	-април -мај

Забелешка: во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.

Организација на хорската настава:

Часовите по ХОР ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите (тригласни) по 3 часа седмично. Во училишниот хор можат да членуваат учениците од VI - IX одделение, според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

Наставни методи и активности:

Во остварувањето на целите на училишниот ХОР ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку вокална презентација. Ќе се соработува и со разни културно – уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација.

Просторни и материјално – технички услови

Наставата по ХОР ќе се реализира во класична училница.

Настапи: Училишниот хор ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во Програмата на училиштето. Исто така ќе учествува на хорски и оркестарски смотри/ натпревари организирани од БРО.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР
За учебната 2024/2025 година

ДИРИГЕНТ:
Јане Петкоски

Целта на УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;
- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на инструмантални композиции;
- да развива способност за колективно иструментално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упаства на диригентот – менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на иструмантална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни рганизации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за инструменталнаа интерпретација и запознавање со културите на другите народи;

ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС: Структуирање на содржините

ДЕЛАТА ЗА ОБРАБОТКА	*Конкретни цели* Ученикот:	*Дидактички насоки* Наставникот:	**Време на реализација**
Аудиција	- да е музикален; - да има чувство за ритм; - да поседува способност за инструментална интерпретација; - да демонстрира една песна по свој избор; - воочува времетраењето на нотите и паузите; - пее мелодиски вежби;	- организира аудиција(формирање на оркестар); -проверување на знаењата од областа на основите на музичката писменост; - презентација на ритмички вежби; - презентација на мелодиски вежби;	- септември - во текот на цела учебна година

ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ	-да памти за поделбата на ДМИ(ритмички-мелодиски); -да препознава ДМИ(по нивната звучност)од други видови на инструменти; -да дискутира за секој инструмет од група на ДМИ;	-презентира ДМИ; -објаснува за поделбата на ДМИ(ритмички-мелодиски); -демонстрираудио-видео снимка со ДМИ и друг вид на инструменти; -објаснува за ДМИ(секој инструмент поодделно); -демонстрира слики за ДМИ;	- септември - октомври
ВИДОВИ НА БЛОК ФЛЕЈТИ **СОПРАНИНО** **СОПРАН** **АЛТ** **БАС**	-препознава видови на блок флејти; -ја идентификува СОПРАН блок флејта; -памти за начинот на чување и одржување на блок флејта; -правилно дишење; -да демонстрира вежби за дишење; -демонстрира правилен начин на држање на блок флрјти; -демонстрира вежби за секој тон (сол; ми; сол-ми; фа; сол-фа-ми; до; сол-фа-ми-до; ре; до-ре-ми -фа-сол; ла; до2; си;) -демонстрира начинот на произведување на тонот преку одредени вежби за секој тон; -да дискутира за формата на комозицијата;	-препознава видови на блок флејти; -објаснува за СПОРАН блок флејта; -објаснува како се чува и одржува блок флејта; -презентира правилен начин на дишење; -презентација на начинот на произведување на тонот (сол; ми; сол-ми; фа; сол-фа-ми; до; сол-фа-ми-до; ре; до-ре-ми -фа-сол; ла; до2; си;) ; -објаснува како се произведува тон (за секој тон преку соодветни вежби); -објаснува за формата на композицијата;	-октомври -ноември
КАНОНИ **(**повеќегласни канони од прирачникот за Д.М.И)	-да демонстрира правилна интерпретација на канонот;	-објаснува за канон и начинот на изведбата;	-ноември -декември -јануари

НАРОДНИ ПЕСНИ(избор на песни според совладаност на материјал) **Од збирката за Д.М.И** **-Композиции за натпревар(**задолжителни композиции**)** **-Композиции за нова година и патронен празник(**по избор на наставникот и учениците**)**	-да ја воочува содржината на текстот -да дискутира за ритамот во народната песна -индивидуална демонстрација -групна демонастација	- објаснува за народната песна -објаснува за ритамот во народната песна -демонстрира интерпретација на народната песна	-јануари -февруари -март -април -мај
Свирење на композиции по избор на наставникот и учениците **Обработка на композиции од познати автори:** **“Ода на радоста“** **“ Пинк Пантер’’(**Хенри Манчини)	- да демонстрира правилна интерпретација на композиции со различен карактер;	објаснува карактер на композициите и начинот на нивна изведба	-јануари -февруари -март -април -мај -јуни

Забелешка: <u>во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се работат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.</u>

Организација на оркестарската настава

Часовите по оркестар ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите по 3 часа седмично. Во училишниот оркестар можат да членуваат учениците од VI - IX одделение, според интересот и техничките можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Оркестарските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку инструменталан презентација. Ќе се соработува и со разни културно – уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструменталан интерпретација.

Просторни и материјално – технички услови

Наставата по оркестар ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи: Училишниот оркестар ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во Програмата на училиштето. Исто така ќе учествува на хорски и оркестарски смотри/ натпревари организирани од БРО.

Одговорен наставник:
ЈАНЕ ПЕТКОСКИ

Прилог бр. 1.15.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПАРАЛЕЛКАТА

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во една паралелка. Задачата на заедницата на паралелката е одлучување за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, односите со возрасните во училиштето.

Заедницата на паралелката е првото ученичко тело со кое се соочуваат учениците кога ќе влезат во училиштето. Идејата зад нејзиното формирање е поттикнување на демократска ученичка активност во паралелките, на ниво на најмалите клетки во училиштето, со тоа што секоја паралелка на демократски начин најпрво бира свое раководство (Претседател и Заменик претседател), а потоа сите останати ученици во паралелката, според своите афинитети, земаат учество во некое од постојаните или повремените тела на оваа заедница. Притоа, во градењето на секое од овие тела потребно е да се води сметка за баланс во половата застапеност со цел да се заштити интересот на сите и да се создаде основа за земање предвид на можните различни перспективи меѓу машките и женските при одлучување за разни прашања, како и да се поттикнува активна и рамноправна соработка меѓу нив. Во паралелките од одделенска настава се очекува работата на ова тело повеќе да ја води наставникот, но со стимулирање на учениците за земање активна улога во неговото функционирање. Во предметната настава веќе може да се очекува учениците посамостојно да ги водат своите средби и процесот во нив, а од наставникот се очекува да биде повеќе во улога на некој што може да иницира средба и да помага во нејзиното успешно реализирање.

Одделенскиот раководител најавува една недела порано дека ќе има избори за Претседател и Заменик претседател, како и членови во постојаните тела на заедницата на паралелката, со точен час на одржување. Истовремено ги запознава учениците усмено и писмено (се лепи во училницата А3 копија со телата во заедницата на паралелкатаи скалилата на комуникација) со критериумите за избор и задачите, за да имаат време да размислат.

Постојани тела во заедницата на паралелката
Состав: најмалку 1 машко + 1 женско во секое тело
Задачи: се формира по едно тело за следните намени:
1. за прослави и манифестации;
2. за екскурзии;
3. за дисциплина и хигиена;
4. за собирање прилози и други парични давачки;
5. за еколошка патрола, и
6. за спорт

Повремени тела во заедницата на паралелката
Состав: најмалку 1 машко + 1 женско во секое тело
Задачи: се формираат по потреба за различни прашања (на пример: за вид на храна, за промена на униформа, за изработка на табло/сликање, за помагање на ученик во учењето)

Забелешка: Секоја паралелка може да ја дополни програмата со содржини и активности соодветни на возраста и потребите од истата (сликање за табло, полуматурски вечери, екскурзии, посети итн).

ПЛАН ЗА АКТИВНОСТИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПАРАЛЕЛКАТА

Активност	**Носители**	**Ресурси/Инструменти**	**Време на реализација**	**Очекувани ефекти**
Избор на претседател, заменик претседател, постојани и повремени тела на заедница на паралелката	Одделенски раководители Ученици	креда и табла кутија со отвор на поклопецот гласачки ливчиња Мапа на тела во заедницата на паралелката со скалила на комуникација	септември	Демократски избрани претседател и заменик претседател и Формирани постојани и повремени тела на заедницата на паралелката
Претставувањена паралелката пред органите на училиштето и пренесување мислења и ставови на паралелката пред Училишен одбор, Директор, Наставнички совет, Совет на родители, Училишниотпарламент)	Претседател, заменик претседател Одделенски раководители	Подготвени материјали од дискусии во рамките на заедницата на паралелката Белешки од усни дискусии	Во текот на учебната година	Демократско учество на учениците во училишните активности
Организирање расправи во паралелката за конкретни прашања/проблеми (по сопствена иницијатива или по иницијатива на другите ученици или наставници);	Претседател Одделенски раководители	Формулари за писмено обраќање	Во текот на учебната година	Подобрување на училишната клима и интерперсонални односи
Дискусии за информации и предлози од органите во училиштето	Претседател, заменик Одделенски раководители	Информации,предлози, пораки од органите во училиштето	Во текот на учебната година	Информирани ученици, транспарентност во работата на училишните органи
Запознавање со успехот,редовноста и дисциплината после секој класификационен период	Одделенски раководители Претседател /заменик претседател	Дневник на паралелка	Ноември Февруари Април јуни	Дадени мислења и предлози за подобрување на успехот
Учество и организирање на хуманитарни акции во паралелката	Заедница на ученици	Во зависност од видот на активноста	тековно	Развивање и поттикнување на свеста за хуманост и солидарност
Дискусии за: - прослави и манифестации; -екскурзии; - за собирање прилози и други парични давачки; - еколошка патрола, -спорт и други активности	Постојани и повремени тела на заедницата на паралелката	Предлози, акциски планови и сл.	Во текот на учебната година	Демократско учество на учениците и носење самостојни одлуки за начинот на изведување на училишните активности

Прилог бр. 1.16.

Програма за работа на ученички парламент при ООУ ,,Манчу Матак" –Кривогаштани за учебната 2024/2025 година

Ученичкиот парламент:
- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката нагодишната програма за работа,
- дав апредлог активности за годишните програми за екскурзии
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во наставничкиотсовет и училишниот одбор,
- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општественокориснаработа.

Планирана активност	Цели	Реализатор	Ресурси	Време	Очекувани ефекти
Конституирање и избор на раководство на ученичките заедници на паралелките	Чувствонаприпадност, колективност, мотивираност	Одделенски раководител	Годишна програма записници	Септември	Стекнати организациски и комуникациски способности
Конституирање и избор на раководство на ученичкиот парламент	Чувствонаприпадност, колективност, мотивираност	Директор, стручни соработници	Годишна програма записници	Септември	Стекнати организациски и комуникациски способности
Запознавање со програмата на ученичкиот парламент	Одговорност и доследност	Стручни соработници	Записници	Септември	Стекнати организациски и комуникациски способности
Разговор за тековни проблеми	Критичност и само-критичност	Стручни соработници	Записници од разговори	Октомври - мај	Свесност за проблемите и вештини за изнаоѓање решенија
Едукација и работилници за меѓуврсничко почитување и комуникација	Зајакнување на соработката меѓу учениците, јакнење на пријателството	Стручни соработници	Записници од разговори	Октомври - мај	Подобрена меѓусебна комуникација на ученицити на ниво на училиште и воопшто

Разговор за менталното дравје и давање нивни предлози	Согледување на состојбата	Стручни соработници наставници	Записник, прашалник, анализа, извештај, истражување.	Ноември	Свесност за проблемите и вештини за изнаоѓање решенија
Учество во работата на наставничкиот совет и училишниот одбор	Зајакнување на учеството на учениците во работата на училиштето	Стручни соработници	Записници, презентација	Ноември, јуни	Демократска партиципација
Дискусија на тема предложена од учениците	Демократско право на учениците во училиштето	Стручни соработници	Записници	Декември	Решавање на проблеми со кои се сретнуваат учениците во секојдневната настава
Хуманитарни акции	Развивање на хуманоста кај учениците	Ученици Вработени	Парични и друг вид средства од учениците и наставниците	Учебна година	Развиена хуманост
Извештај за работата на Ученичкиот парламент во училиштето	Согледување на резултатитеодработатана УП во текот на учебната година	Стручни соработници Наставници Ученици	извештај	Јуни	Анализа на работата на УП

Прилог 1.17.

ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ
Во ООУ„Манчу Матак“ – Кривогаштани, Учебна 2024/2025 година

Планирана активност	**Цели**	**Реализатор**	**Ресурси**	**Време**	**Очекувани ефекти**
Спроведување на процедурата за избор на ученик правобранител	Успешнен демократски избор	Стручни соработници	Прирачник, правилници, закон	Октомври, 2024.	Избран ученик правобранител за следните две учебни години
Промоција на функцијата Дете правобранител	Запознавање на учениците со работата на детето правобранител	Ученик правобранител стручни соработници	Презентации, работилници	Октомври / ноември	Запознаени ученици
Работилница: Имам право да ги знам моите права	Запознавање на учениците со детските права	Ученик правобранител, стручни соработници	работилници	Октомври	Запознаени ученици
Одбележување на Светскиот ден на детето	Да се изгради свест за важноста од овој ден	Ученик правобранител, заменици стручни соработници	Флаери, компјутер, презентација, Конвенцијата за правата на децата	Ноември	Одбележан ден на детето
Презентација Заштита на децата од дискриминација	Запознавање на учениците со можните начини на дискриминација и заштита од истата	Ученик правобранител,	Презентација	Февруари	Запознаени ученици
Состаноци со Училишниот парламент и меѓусебна соработка за детектирање на прекршени права и постапување според	Меѓусебна соработка заради решавање проблеми	Ученик правобранител,	Записници	Во текот на учебната година	Развиена свест за проблемите и можности за нивно разрешување

предвидената процедура					
Работилница; Разрешување конфликти по мирен пат	Запознавање на учениците за начините на мирно решавање конфликти	Ученик правобранител стручни соработници	Работилница	април	Запознаени ученици
Соработка со Наставнички совет,Совет на родители,стручната служба, директор, размена на мислења, ставови и сл	Меѓусебна соработка	Ученик правобранител,	Записници	Во текот на учебната година	Координирани органи и тела во училиштето
Учество во организацијата на хуманитарни и др акции во училиштето	Поттикнување на хуманоста	Ученик правобранител,	Извештаи	тековно	Создавање на свест за хуманост и помагање
Прием и постапување по детски пријави за прекршување на правата на детето во училиштето	Заштита на правата на децата	Ученик правобранител,	Записници, евидентни листи	Тековно	Заштитени ученици

Прилог број 2.1.

Календар

за организација на работата во учебната 2024/2025 година
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани

согласно Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2024/2025 година (Службен весник на РСМ, бр. 164 од 8.08.2024 година и Службен весник на РСМ, бр. 180 од 30.08.2024 година)

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно – образовна дејност и ученички одмор за учебната 2024/2025година.

Член 2

Учебната година започнува на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година.

Наставната година започнува на 2 септември, 2024 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија: I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 31 декември 2024 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 1 јануари 2025 година и завршува на 19 јануари 2025 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2025 година до 10 јануари 2025 година користат платени неработни денови.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

Член 5

Училиштето од 11 јуни до 20 јуни 2025 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 18 август до 22 август 2025 година организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2024/2025 година во училиштето се остваруваат 180 наставни денови.

Член 8


Денот на училиштето (25 Мај, 2024 година) е наставен ден кога се изведува посебна програма (културни, спортски и други активности).

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците коишто не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

КАЛЕНДАР за учебната 2024/2025 година

ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани



Работни денови	Септември	Октомври	Ноември	Декември	Јануари	Февруари	Март	Април	Мај	Јуни
	20	21	21	20	10	20	20	20	21	7

	2024	2025	
П	16	19	35
В	18	21	39
С	16	20	36
Ч	17	19	36
П	16	18	34
Вк	83	97	180

1. 9 Септември - Ден на независноста на РМ
2. 11 Октомври - Ден на востанието
3. 23 Октомври - Ден на мак.револуц. борб.
4. 9 Декември - Св. Климент Охридски
5. 1 Јануари - Нова Година
6. 6 Јануари - Бадник
7. 7 Јануари - Божиќ, прв ден (8 јануари)
8. 19 Јануари - Богојавление, Водици
9. 31 март - Рамазан Бајрам
10. 18 април - Велики Петок
11. 21 април - Втор ден Велигден
12. 1 Мај - Ден на трудот
13. 24 Мај - Св. Кирил и Методиј
14. 25 Мај - Ден на училиштето
15. 6 Мај - петок пред Дуовден

Август, 2024 година

Директор:
Даниела Мицеска
_____

Прилог бр. 3

Поделбата на одделенско раководство и на часови на наставниот кадар за учебната 2024/2025 година

наставник	предмет/и	одд. раков	број на часови и паралелки во училиштето	Вк. Часови	Дополнува
Весна Ацеска	Македонски јазик	IXа	**20 часа** – македонски јазик: 9а, 7аб, 8аб	**20**	
Дејана Тренеска	Македонски јазик	VIб	**12 часа македонски јазик**: 9б,6аб **8 часа француски јазик**: 6аб, 7аб	**20**	
Вренцоска Антица	Англиски јазик		**Англиски јазик**: ЦОУ: 2 (2ч.), 3 (2ч.), 5 (3ч.), 8аб. (6ч.), Врбјани – 5 часа и Годивле: 3 часа.	**21**	
Петреска Татјана	Англиски јазик	VIIа	**Англиски јазик**: 12 часа: ЦОУ: 6аб (6ч.), 7аб (6ч.), Подвис 2 ч. Славеј: 6 часа	**20**	
Белеска Елена (дополнува ВО друго училиште)	Англиски јазик	IXб	**Англсики јазик**: 11 часа: ЦОУ: 9аб (6ч.), 4одд (3ч.), 1 одд. (2ч.)	**11 + 9 = 20**	9 часа Обршани
Наташа Китаноски	Англиски јазик		**10ч. - Крушеани**	**10**	
Тања Спиркоска	Француски јазик		**8 француски јазик**: 8аб, 9аб	**8 + 16=24**	16 во друго училиште
Нешкоски Сотир	Математика	VIIIа	**21 математика**:, 6а, 8аб, 9аб	**21**	
Татјана Чируноска	Математика Физика		**13 часа Математика**: 6б, 7аб **8 часа физика**: 8аб, 9аб	**21**	
Менде Станојоски	Биологија Воспитание за околината Иновации СИП - 7		**12 ч. биологија**: 7аб, 8аб, 9аб **4 ч. воспитание за околината**: 9аб **2 часа:** Иновации 9аб **2 часа:** СИП 7а одд.	**20**	
Оливер Конески	Географија		**географија**: 6аб, 7аб, 8аб, 9аб. = 14 часа	**14**	
Елена Кадинска (дополнува ВО друго училиште)	Природни науки СИП - 7 Унапредување на здравјето ЕСАРУ	VIIIб	**2ч**. Крушеани**, 2ч** ЦОУ 5 одд, **6ч**. - 6аб **2ч.** СИП 7б **4ч**. Унапредување на здравјето: 8аб **3ч.** ЕСАРУ	**19+2=21**	Обршани 2 часа

наставник	предмет/и	одд. раков	број на часови и паралелки во училиштето	Вк. Часови	Дополнува
Дијана Каравилоска	историја + граѓанско образование	VIa	**16 историја**: 6аб, 7аб, 8аб, 9аб. **4 граѓанско образ**.: 8аб, 9аб.	**20**	
Апостолоски Пеце	физичко и здравствено образование		15 ч. ЦОУ: 7а, 8аб, 9аб, 3ч. – IV одд. ЦОУ 3ч. – Врбјани	**21**	
Јован Цветкоски	физичко и здравствено образование	VIIб	**9ч. -** 6аб, 7б. **6ч.** I одд. и V одд. – ЦОУ, **3ч**. Крушеани – комбинирана, **3ч.** Годивје	**21**	
Филип Димески	физичко и здравствено образование		**6ч.**: II одд.и III одд. ЦОУ **6ч.** Крушеани – II одд.(IV одд. и V одд.) **6 ч.** Славеј **3ч**. Подвис	**21**	
Јане Петкоски (дополнува ВО друго училиште)	музичко образование + хор + оркестар		**8 музичко образ**.: 6аб, 7аб, 8аб, 9аб. **3 хор,** **3 оркестар**	**14 + 11 = 25**	11 часови во Обршани
Наталија Везенкоска	информатика Техничко образ. и инф. 6 Слободни изборни предмети 6 одд. Етика		**2ч. информатика**: 7аб. **4ч. Тех. Образ.и инф. 6аб** **4 часа 6аб** **2ч.**– 7аб	**2+ 4+4+2= 12**	
Ленче Неделкоска	Техничко образ. и инф. 5		**8 техничко образ и инф**.: 5 одд. – ЦОУ, Крушеани, Врбјани и Славеј.	**8 - ТО и инф.**	
- Активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на соучениците;
- учествува и дава предлози за подобрување на работата во училиштето;
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено-корисна работа;

Член 36

Членовите на ученичкиот парламент преку својата работа:

- Мора да внимаваат на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето;
- Треба да се пример со својот изглед и своето однесување, да претставуваат позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смеат да ја користат сопствената позиција за да обезбедат лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се водат од најдобриот интерес на детето/ученикот;
- Потребно е да ги почитуваат сите ученици и вработени во училиштето, да соработуваат, да разменуваат мислења и искуства поврзани со работата;
- Меѓусебниот однос со членовите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Должни се да пријават насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствуваат во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од нив или ќе се пожали на било која форма на насилство;
- Да даваат поддршка на процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето.

Член 37

Функција и улога на ученичкиот правобранител е:

1. Промовирање на детските права:

- промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.).
- информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права.

2. Поддршка за заштита на детските права:

- препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците.
- ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање
- прибирање податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето,

Член 38

Ученичкиот правобранител:

- Мора да внимава на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето;

- Треба да е пример со својот изглед и своето однесување, да претставуваат позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смее да ја користи сопствената позиција за да обезбеди лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се води од најдобриот интерес на детето/ученикот;
- Потребно е да ги почитува сите ученици и вработени во училиштето, да соработува, да разменува мислења и искуства;
- Должен е да пријави насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствува во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од него/неа или ќе се пожали на било која форма на насилство;
- Да дава поддршка на процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето.

4. ОДРЕДБИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И ПОМОШНИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 39

Работното време на секретарот на училиштето е од 7.00 до 15.00 часот и во тој период истите своите работи и работни задачи да ги обавува секојдневно во континуитет.

Секретарот на училиштето секој ден пред почетокот на наставата врши увид над просториите и санитарните јазли со цел да утврди дали се тие подготвени за отпочнување на настава.

Секретарот е задолжен за контрола на помошниот персонал и да врши проверка на хигиената во училиштата и училишниот двор.

Дневниот одмор ќе го користи во времето од 10.00 до 10.30 часот.

Член 40

Без потреба никој нема право да се задржува во просториите на администрацијата.

Член 41

Помошните работници и хаус-мајсторот должни се да го одржуваат училиштето, дворот и инвентарот во целосна исправност и подготвеност за непречено одвивање на наставно воспитната работа во Училиштето.

Помошните работници и хаус-мајсторот во ЦОУ во Кривогаштани работат во две смени додека во подрачните училишта во една смена. Работата во ЦОУ во Кривогаштани започнува со прва смена од 6.00 до 14.00 часот и втора смена од 13.00 до 21.00 часот и од 6.00 до 14.00 во подрачните училишта. Дневниот одмор ќе го користат во просториите на училиштето во времето од 9.30 до 10.00 часот.

Член 42

Хигиеничарите се должни да ги исчистат просториите пред отпочнувањето на наставата како истата би се одвивала во нормални хигиенски услови.

За време на одржувањето на наставата се должни после секој одмор да ги чистат ходниците, скалите и тоалетите, а задолжително после големиот одмор да се празнат и корпите за отпадоци од секоја училница како и да се чисти училишниот двор.

Завреме на грејната сезона хигиеничарите се должни навреме да ги запалат печките и редовно да ги одржуваат.

Завреме на грејната сезона хаус-мајсторот е должен навремеда го вклучи парното греење и редовно да го одржува истото.

За обавување на курирската служба задолжен е работник од помошно – техничкиот персонал кој ќе го назначи директорот на училиштето.

Дежурниот хигиеничар исто така е задолжен да го најавува почетокот и крајот на часот со ѕвонење.

Во своето работно време хаус мајсторот е должен секојдневно да врши проверка на инвентарот и секоја штета да ја отклони.

Ако штетата не е во состојба да ја отклони е должен на време да ги запознае директорот и секретарот на училиштето.

Хаусмајсторот треба да се грижи сандачињата за струја секогаш да бидат заклучени и обележани со знак за висок напон.

Хаусмајсторот е должен на секои 15 дена до директорот на училиштето да понесува извештај за исправноста на паничните светла.

Хаусмајсторот е должен да се грижи за зелените површини во централното и подрачните училишта (косење на тревата и друго хортикултурно уредување на дворовите).

Хаусмајсторот е должен да води евиденција за својата секојдневна работа и за тоа да го информира директорот на училиштето, еднаш неделно во писмена форма.

Член 43

Хигиеничарите се должни да се грижат и за хортикултурното уредување на училишните дворови.

Хигиеничарите треба еднаш неделно (во понеделник) до директорот на училиштето во писмена форма да доставува извештај за хигиената и исправноста на инвентарот во училниците за кои се задолжени да ги одржуваат.

Член 44

Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата.

5. ОДРЕДБИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И ПОСЕТИТЕЛИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Член 45

Во училиштето се забранува влегување на лица кои не се вработени и кои не учат во училиштето, без претходна најава кај помошните работници или дежурниот наставник, кој ќе ги упати за нивната посета.

Член 46

Родителите:

- Се должни да го почитуваат куќниот ред на училиштето
- Се должни редовно да се информираат за постигнатиот успех, редовноста и поведението на нивното дете
- Се должни редовно да ги исполнуваат обврските што ги имаат кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часови на учениците, консултации со наставниците и сл.)
- Треба задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето
- треба да знаат дека нивните постапки се пример за однесувањето на нивните деца
- во училиштето треба да влегуваат во пристојна облека
- се должни да се најават на електронски дневник

Член 47

Родител на ученик може да дојде кај наставник само во оној термин кој е даден како приемен ден на тој наставник.

Приемните денови на секој од наставниците се истакнати на огласната табла на училиштето.

Член 48

Родителот има право во секое време телефонски да се јави во училиштето доколку сака да добие некаква информација или нешто да најави.

Член 49

Родителите/старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработката на планот за заштита на ученикот – жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на најдобриот интерес на детето. Доколку родителите/старателите се несоработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштетое должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку родителите/старателите се однесуваат насилнички или училиштето проценува дека може да дојде до насилство или штета кон вработен во училиштето, други ученици или родители/старатели на друг ученик, освен Центарот за Социјална работа ќе се повика и полиција. Зависно од околностите на случајот може да се извести и Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Народен правобранител и да се побара правна помош од Министерството за правда или Здруженија на граѓани

Член 50

Се забранува родителите да разрешуваат одделни состојби со учениците, како и меѓусебни расправии родител – родител и нивно инволвирање во организацијата на работата и внатрешната работа на училиштето.

Родителите се должни на коректен однос кон вработените и учениците во училиштето.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Секој вработен има право на користење на еден слободен ден, со претходна најава, а сите други отсуства ќе бидат регулирани согласно со Закон и Колективен договор.

Член 52

Секое предвремено напуштање на работното место од страна на секој вработен ќе подлежи на преземање мерки од страна на директорот согласно закон, колективен договор и интерните акти на училиштето.

Член 53

Се забранува внесување на предмети и материјал кој нема никаква врска со наставата како од страна на вработените, од учениците или од други лица.

Член 54

Од училиштето не смее да се изнесуваат предмети или друг материјал без одобрение на директорот.

Член 55

Се забранува внесување и консумирање на алкохол во просториите на училиштето.

Член 56

По завршувањето на работното време во Училиштето, се заклучуваат просториите, училишните влезни врати и влезните врати во

дворот на училиштето.

Член 57

Кон одредбите на овој Правилник на Училиштето должни се да се придржуваат сите ученици и вработени во училиштето, а секое непочитување на истиот ќе повлекува соодветни педагошки мерки, дисциплински мерки и материјално казнени мерки.

Член 58

Вработените во училиштето се должни меѓусебно да се почитуваат, толерираат и да одржуваат добри меѓучовечки односи во колективот. Истото важи и кон учениците и родителите на учениците и другите посетители во Училиштето.

Член 59

Со овие правила се запознаваат сите вработени, а со делот на учениците информирањето ќе го направат одделенските раководители на одделенските часови.

Родителите ќе бидат известени на родителските средби.

Член 60

Измени и дополнување на куќниот ред можат да се прават по барање на вработените, учениците или Директрот, Советот на родители и Училишниот одбор на училиштето, како и поради важни промена на закони, правилници и други акти од надлежните институции.

Член 61

Овој Правилник стапува во сила со неговото донесување од страна на Наставничкиот совет на Училиштето и усвојување од страна на Училишниот одбор на училиштето.

Август, 2024 година
Кривогаштани

Директор:

_____

Даниела Мицеска

Прилог бр. 12

ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ КАДАР во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2024/2025 година

Вовед

Сите наставници, стручните соработници и директорот ќе учестуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции. Се планираат и екстерни обуки, понудени од провајдери.

Согласно личните планови за професионален развој секој наставник ќе учествува и реализира одредени форми за професионален развој и ќе го евидентира истото.

Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО.

Личните планови за наредната учебна година се предаваат најдоцна до август до тимот за професионален развој, а извештаите за истите до јуни. Тимот за професионален развој врши увид во истите и ја согледува реализацијата на истиот. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определува приоритетите за работа и ги планира во планот за професионален развој на ниво на училиште.

Директорот и стручните соработници вршат поединечно следење на напредувањето на наставниците, се води професионално досие за секој наставник и се следат часови и активности од истите. Оваа учебна година нагледните и следените часови ќе бидат:

- Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата (интерна обука, планирања, реализација)
- Професионална ориентација на учениците
- Унапредување на менталното здравје
- Унапредување на оценувањето на учениците

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

Цели	**Активност**	**Временска рамка**	**Носител**	**Начин на реализација**	**Ресурси**	**Очекувани резултати**
1. Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој						
Креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација и кариерно советување во основното училиште Примена на сет прашалници за самопроценка на учениците во основното училиште Дизајнирање модели на информирање и менторска поддршка при донесувањето одлуки на учениците во основното училиште Планирање модели на вклучување на децата со потешкотии и родителите во процесот на професионална ориентација и кариерно советување во основното училиште.	Екстерна обука	Јули, 2024	Провајдер	Обука	Обучувачи, избран провајдер	Обучени наставници: - за креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација и кариерно советување - за самостојно применување на сет прашалници за самопроценка на учениците - за дизајнирање модели на информирање и менторска поддршка при донесувањето одлуки на учениците - за планирање модели на вклучување на децата со потешкотии и родителите во процесот на професионална ориентација и кариерно советување
	Дефинирање на интегрирани активности по одделенија	Учебна година	Стручни соработници	Стручни активи	Компјутер, хартија, програми	Изготвени програми по одделенија/периоди
	Менторирање на учениците од IX одделние при носењето одлука за избор на средно училиште/струка	Второ полугодие	Стручни соработници	Индивидуална и тимска работа,	Компјутер, хартија, портфолио, работилници	Донесена одлука

2. Подобрување на оценувањето						
Унапредување на оценувањето	- Планирање на оценувањето и запознавање на учениците со истото	Август, септември	Активи, Стручни соработници наставници	Тимска работа	Компјутер, хартија, Планирања, материјали за работа	- планирано оценување - запознаени ученици
	- Иаготвување на критериуми за оценување за секој предмет	Септември, октомври	Активи, Стручни соработници наставници	Тимска работа	Компјутер, хартија, Критериуми, наставни програми	- 90% од наставниците да имаат изготвено критериуми
4. Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата						
Поголема примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата	Интерна обука	Септември, 2024	Педагог, наставник	Обука, стручни активи	Обучувачи, презентации, материјали	Стекнати сознанија, вештини и способности за практична примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата Обучени наставници
	Увид во планирањата и сценаријата за час	Прво полугодие	Директор, стручни соработници	Индивидуална и тимска работа, Следење часови	Компјутер, хартија, образец за следење, директор, стручни соработници	Успешни планирања
	Следење часови	Прво полугодие	Директор, стручни соработници	Образец за следење Извештај од следењето	Компјутер, хартија, образец за следење, директор, стручни соработници	Подобрен квалитетот на часовите

4. Унапредување на менталното здравје						
Развивање на свеста од важноста на менталното здравје кај учениците и наставниците	Интерна обука	Ноември, 2024	Педагог, специјален едукатор и рехабилитатор	Обука, стручни активи	Обучувачи, презентации, материјали	Стекнати сознанија, вештини и способности за важноста од менталното здравје Обучени наставници
	Дефинирање на активности по одделенија	Учебна година	Стручни соработници, наставници	Стручни активи	Компјутер, хартија, програми	Изготвени програми по одделенија/периоди
	Следење часови/активности	Второ полугодие	Директор, стручни соработници	Образец за следење Извештај од следењето	Компјутер, хартија, образец за следење, директор, стручни соработници	Зголемен број на активности кои го унапредуваат менталното здравје

Тим за професионален развој:
Даниела Мицеска – директор
Убавка Бутлеска - педагог
Антица Вренцоска – претседател на стручен актив
Магдалена Дисоска - претседател на стручен актив

Прилог бр. 13

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2024/2025 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Запознавање на учениците со наставниците и училиштето	Прием на првачињата во училиштето	Разговори Посета – обиколка на училишната зграда и внатрешно разгледување	Септември	Директор, наставници, ученици	Програма за приредба	Да се запознаат со наставниците од прво одделение и нивно адаптирање во училиштето
Запознавање на родителите со воспитно-образовната работа во училиштето	Родителски средби на ниво на паралелки и Советот на родители на ниво на училиште	Родителска средба Разговор Претставување преку брошура Состаноци на совет на родители	Септември	Наставници, родители	Годишна програма,понуди за исхрана,списоци за присутност на родители,записници од дневници	Да се запознаат со предметите кои ќе се изучуваат,продолжен престој и избор на нови членови за Совет на родители
Информирање на родителите за успехот на учениците	Приемни денови I-IX одд.	Огласна табла Разговор	во текот на годината	Наставници I- IX одд., родители	Дневници,ученичк и портфолија	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците
Запознавање на учениците со понудените изборни предмети и слободни ученички активности	Анкетирање на ученици за избор на слободни ученички активности и изборни предмети	Анкетни листови Разговор	Мај	Наставници, ученици	Програми за слободни ученички активности, изборни предмети, анкетен лист	Секој ученик да се определи за воннаставна ученичка активност која ќе ја посетува и изборен предмет

Активно учество на родителите во воннаставните активности кои ги организира училиштето	Вклучување на родителите во определени воннаставни активности по проценка на наставникот и на начин ка кој родителот може да го направи тоа	соработка во изведувањето на слободната ученичка активност/воннаставната активност	во текот на годината	Наставници, родители	Програми за слободни ученички активности/планирања на воннаставни активности/записници	вклучување на родителите во активностите на училиштето
Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од првото тримесечие	Родителски средби на ниво на паралелки I- IX	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Ноември	Одделенски раководители, родители	Дневници, евидентни листови,записници од дневници, списоци за присутност на родители	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците
Вклучување на родителите во изработка на украси и предновогодишно украсување на училницата/училиштето	работилница со родители и ученици	организирање работилница за изработка на украси	Декември	Родители, наставници	Изработки од ученици и родители потребни материјали за правење изработки	Да изготват креативни рачни изработки кои ќе се изложат во училиштето а со тоа и ќе се украсат училниците/ училиштето
Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие	Извештаи за успехот и поведението на учениците	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Јануари	Наставници, родители, Совет на родители	Дневници, извештаи	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие
Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од третото тримесечие	Родителски средби на ниво на паралелки I- IX	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Јануари, Април	Одделенски раководители, родители	Дневници, евидентни листи,список на присутни родители, записници од дневници	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците

Вклучување на родителите во еколошки акции за почиста училишна зграда и околина	еколошки акции	организирани еколошки акции во присуство на родителите, наставниците и учениците	март	родители наставници ученици ЕКО-група од училиштето??	записници за спроведените активности	Почиста околина, заштита на учениците и подобрени стандарди на училиштето
Вклучување на родителите во работилница за изработка на велигденски украси и боење и украсување велигденски јајца	работилница со родители и ученици	организирање работилница	Април	Родители, наставници	Изработки од ученици и родители	Да изготват креативни рачни изработки и да придонесат за вклучување на родителите во активностите на училиштето
Запознавање со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација	Родителска средба за деветоодделенци	Родителска средба Посета на средни училишта Презетации во училиштето од страна на средните училишта	Мај	Родители, одделенски раководител и на осмо одделение, ученици	Флаери од средни училишта, анкетни листови, конкурси објавени во дневен печат,список на присутни родители	Да се запознаат со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација
Информирање на родителите за емоционалната, интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште	Упис на првачиња за следната учебна година	Покана Разговор Тестирања	Мај	Родители, стручна служба	Набљудување на идните првачиња	Да се запознаат со емоционалната,интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште

Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од учебната година	Родителски средби на ниво на паралелки I-IX	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Јуни	Одделенски раководители, родители	Дневници, ученички портфолија	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците
Разрешување на индивидуални проблеми	Средби со директорот и стручната служба во училиштето	Разговор со родители и деца и стручна служба	Континуи-рано	Директор, стручна служба	Педагошка документација и евиденција	Разрешување на сите проблеми

Тим за соработка со родителите/старателите

Анета Гулабоска, психолог
Убавка Бутлеска – педагог
Мери Граороска – наставник
Милена Граороска Петроска – наставник
Елена Белеска – наставник

Прилог бр. 14.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛУШТЕТО АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗЕДНИЦА во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2024/2025 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Да се промовира училиштето пред значајни субјекти	Приредби, работилници, работни средби со родители, локална заедница, наставници, ученици.	Патрон празник Состаноци Средби со други училишта	Во текот на учебната година	Наставници, ученици, стручни соработници, директор, родители	Флаери, летоци, изработки од ученици, презентации	Забележани активности кои го промовираат училиштето
Да се промовира училиштето преку социјалните мрежи и web страната.	Уредување на web страната и социјалните мрежи. постирање на соопштенија, информации, активности кои се реализираат во училиштето.	Промоција на активностите од училиштето на web страната и fb страната од училиштето. Споделување на постови и информации на социјалните мрежи на училиштето	Во текот на учебната година	Одговорен наставник за ЕСАРУ	Компјутер, Презентации Фотографии Видео записи	Забележани активности кои го промовираат училиштето на интернет
Да се промовира училиштетето преку учество на натпревари, конкурси, манифестаци и Натпревар меѓу Училишта.	Учество на натпревари, Вклучување на наставници, ученици. Учество на конкурси и манифестации. Организирање и учество на разни спортски манифестации и натпревари	Подготвување и организирање и учество на ученици, натпревари, конкурси и манифестации. Организирање и пријавување за учество на разни спортски манифестации и натпревари	Во текот на учебната година	Наставници, Наставцници по ФЗО, ученици, стручни соработници, директор, родители	Стручна литература, компјутер. Спортски реквизити, игралишта	Забележани активности кои го промовираат училиштето пред останатите училишта и институции. Освојување на награди и дружење меѓу учениците од училиштата

Да се промовира училиштето преку посета на обуки,семинари, вебинари, конференции, симпозиуми и сл.	Вклучување на воспитно – образовниот кадар на задолжителни и лично избрани обуки, семинари, конференции и сл.	Учество на обуки, конференции, презентирање на различни активности, добри практики кои се дел од наставата и училиштето.	Во текот на учебната година	Наставници, стручни соработници, директор.	Презентации, стручна литертура	Забележани активности кои го промовираат училиштето пред стучни лица, експерти, соодветни институции
Учество во напредување во звање на наставници и стручни соработници.	Конкурирање на наставници и стручни соработници за напредување во звање	Пријавување Прикачување на докуманетација. Следење на работата на кандидатот од страна на МОН и БРО Поддршка од страна на училиште.	Во текот на учебната година	Наставници, стручни соработници, Директор МОН БРО	Документи, Интернет	Забележани активности кои го промовираат училиштето пред стучни лица, експерти, соодветни институции Успешно спроведена постапка за напредување во звање.
Запознавање на учениците со наставниците и училиштето	Прием на првачињата во училиштето	Прием на првачињата во училиштето	Септември	Директор Наставници што предаваат во прво одделение, ученици, општина	Програма за приредба	Адаптирање во училиштето
Интегрирање на локалните ресурси	Соработка со претпријатија и установи на ниво на општина Кривогаштани(привати претпријатија и здравствени установи од општината) и Прилеп	Планирање и организирање проекти посети и други видови активности	Во текот на учебната година	Директор, наставници	Програми и проекти	Подобрување на работата во училиштето

Соработка и размена на искуства,мислења и знаења	Средби на литературни и ликовни дружини	Организирање литературни читања, изложби	Според потребите во текот на учебната година	Членови на секции и одговорни наставници	Лични творби по избор и според барања	Соработка, дружење
Размена на знаења и мислења за унапредување на работата на училиштата и наставната практика	Соработка на стручен план меѓу училиштата	формални и неформални средби, состаноци на ниво на стручни активи за споделување искуства, знаења, мислења	Според потребите во текот на учебната година	Наставници, директори	Стручна л-ра, искуства	Подобрување на работата на училиштата
Имплементирање на училиштето во работата на локалната средина	Соработка со институции и граѓански организации	остварување соработки според потребите на училиштето	По потреба	Училиштето,локалната средина	Годишни програми на наставниците	соработка на училиштето со локалната средина
Афирмирање на училиштето и унапредување на културната традиција	По потреба манифестации организирани од општината	Учество во организацијата и реализацијата	Континуирано	Директор, наставници,општина	Програми од општината	Негување и издигнување на културно ниво
Вклучување на општината и другите организации во настаните организирани од училиштето	Информирање на Градоначалникот и одговорните во општината за Денот на училиштето	Информирање за активностите и потребите за организирање на настаните за одбележување на Денот на училиштето	Март	Директор, претседател на училишен одбор	Програми, документи	Финансиска и друга помош
Запознавање на учениците со структурите на Општината	Едукативни запознавања на учениците со структурите на Општината	Организирани посети во рамки на наставните и воннаставните активности	Континуирано	Ученици, наставници, вработени во Општината	програми	Да се запознаат со структурите на општината

Потврдување на јавност во работењето	Презентирање на резултатите на училиштето остварени во текот на наставната година	Промовирање на постигнувањата на учениците промоција на резултатите на работата на училиштето, реализирани проекти преку страната на училиштето, медиуми и сл.	Мај	Директор, одговорни во Општината	Извештаи, Записници, документи	Афирмирање на училиштето

Тим за комуникација со јавност и промоција на основното училиште :

1. Елена Кадинска
2. Наташа Димоска
3. Весна Аџеска
4. Душанка Каравилоска

Прилог бр. 15.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ И ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2024/2025 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**Инструменти / ресурси**	**Очекувани резултати**
Да се овозможи топол и срдечен приме на првачињата во училиштето	Прв училиштен ден	Свечен прием на првачињата во училиштето	2 Септември, 2023	Наставници Стручни служби, Директор Општина	Претходно приготвени активности	Создавање љубов кон училиштето и чувство на припадност
Да се негува чувството на патриотизам и почит кон историското минато	Ден на независноста на Р. Македонија	Читање на пригодна содржина/разговори со учениците за значењето на празникот	6 Септември, 2023(за Понеделник 8 Септември)	Дијана Каравилоска	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот; вреднуван национален празник; развивање чувство за припадност кон нацијата
Да се поттикнат учениците да применуваат и други начини на превоз; Да се зачувува чиста животна средина	Меѓународен ден без автомобили	Доаѓање на училиште со велосипед; Спортски натпревари	23 Септември, 2023(за 22 Септември – Недела)	Пеце Апостолоски и др. наставници по ФЗО	- велосипеди - различни ресурси за спорски натпревари	Учениците знаат дека постојат други начини на превоз; Ја зачувуваат чиста животната средина
Да се запознаат учениицте со светскиот ден на учителот и со значењето и улогата кој ја има во општеството	Светски ден на учителот	Читање пригодна содржина; разговори со учениците за значењето и улогата на наставникот Спортски натпревари (наставници: ученици)	4 Октомври, 2023(за 5 – Сабота)	Наставници, ученици, директор, стручна служба	Подготвена пригодна содржина; Различни ресурси за спортските натпревари	Учениците ја вреднуваат улогата на учителот
Да знаат учениците дека сите деца во светот имаат еднакви права без разлика на боја на кожа, пол и етничка припадност	Детска недела	Приредба Различни активности во текот на неделата	Прва недела од октомври, 2024	Наставници Директор Стручна служба	Различни ресурси потребни за обој период	Учениците ги знаат детските права

Учениците да ја знаат и почитуваат македонската историја	Ден на вооруженото востание на македонскиот народ	Читање на пригодна содржина/ разговори со учениците за значењето на празникот	10 Октомври, 2023	Дијана Каравилоска	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот; вреднуван национален празник; развивање чувство за припадност кон нацијата
Да се подигне свеста на учениците како активни учесници во сообраќајот; Да се подигне свеста за безбедноста на учениците во сообраќајот; Да се запознаат учениците со придобивките од пешачењето	Меѓународен ден на пешаците	Активности поврзани со безбедно однесување во сообраќајот на пешаците; Пешачење до блиска околина со почитување правила на одесување по патот.	15 Октомври, 2024	Наставници по ФЗО и наставници од одделенска настава	Флаери	Учениците знаат како правилно и безбедно да се однесуваат во сообраќајот и ги знаат придобивките од пешачењето
Да се создава навика за правилна исхрана кај учениците; Да се подигне свеста за здравата исхрана преку заштита на животната средина	Меѓународен ден на храната	Предавања, работилници	16 октомври, 2024	Наставник по Вештини за живеење и одделенски наставници	Различни ресурси потребни за активностите	Учениците знаат правилно да се хранат, ја знаат користа од здравата исхрана; ја чуваат здрава и чиста животната средина
Учениците да ја знаат и почитуваат македонската историја	Ден на револуционерната борба	Читање на пригодна содржина/ разговори со учениците за значењето на празникот	22 Октомври 2024 (за 23 Октомври)	Дијана Каравилоска	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот; вреднуван национален празник
Учениците да добијат/прошират сознанија за светскиот ден на борба против ХИВ/СИДА	Светски ден за борба против СИДА	Предавања, работилници	2 Декември, 2024(за 1 Декември - Недела)	Наставници по биологија	Флаери и др. технички материјал за изработка на хамери	Зголемени знаења за светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА; свест за чување на здравјето

Да се зголеми свеста кај учениците за подобро разбирање на луѓето кои се засегнати од некаков хендикеп; Да се подигне свеста за нивно вклучување во повеќе аспекти од животот	Меѓународен ден на лицата со посебни потреби	Предавања, работилници	3 Декември, 2024	Инклузивен тим	Флаери и др. технички материјал за изработка на хамери	Учениците ги разбираат луѓето со посебни потреби, ги знаат нивните права и ги вклучуваат во активностите од секојдневниот живот
Да се потсетат учениците на животот, дејноста и значењето на просветителот; Да се негува чувство на почит и припадност кон нацијата	Св. Климент Охридски	Читање пригодна содржина	6 декември, 2024(за 8 Декември-Недела)	Весна Ацеска	Претходно подготвена пригодна содржина	Учениците знаат за значењето на Климент Охридски, го почитуваат и го вреднуваат неговото дело; развиена национална припадност
Да се одбележи завршувањето на годината, да се негува креативност, да се развива позитивно мислење	Нова година, крај на првото полугодие	Пригодна програма	30 Декември, 2024	Тим за јавна и културна дејсност	Претходно подготвена пригодна содржина, материјални ресурси за програмата (музички, литературно-рецитаторски, драмски точки)	Учениците покажуваат изразно-творечки способности и др. вештини преку дружење и позитивна соработка
Учениците да знаат дека во светот се зборуваат многу јазици, да научат да го негуваат својот мајчин јазик, но и да учат нови јазици	Ден на мајчиниот јазик	Читање на пригодна содржина, едукативни работилници, разговор со учениците за важноста на мајчиниот јазик	21 Февруари, 2025	Наставници по македонски јазик, наставници од одделенска настава	Подготвена пригодна содржина, материјални ресурси за работилница	Учениците знаат дека во светот се зборуваат многу јазици, го почитуваат и негуваат својот мајчин јазик и ги знаат придобивките од учењето странски јазици

Да се развива знаење за историјатот на меѓународниот ден на жената; Да се оддаде почит и поддршка на сите жени за нивните успеси во сите сфери од животот	Меѓународен ден на жената	Читање пригодна содржина/ разговори со учениците за значењето на празникот Училишна пригодна програма	7 Март, 2025(за 8ми Март – Сабота)	Тим за јавна и културна дејност	Подготвена пригодна содржина; Различни ресурси за училишна приредба (музички, литературно-рецитаторски, драмски точки)	Учениците го знаат значењето на денот на жената, го слават и вреднуваат нивниот успех и искажуваат благодарност
Да се развива кај учениците љубов кон пишаниот збор; Да ја почитуваат уметничката страна на јазикот и неговите можности	Светски ден на поезијата	Читање пригодна содржина/едукативни работилници, читање и слушање поезија од домашни и светски автори	21 Март, 2025	Наставници по македонски јазик и наставници од одделенска настава	Подготвена пригодна содржина; хамери, фломастери, книги поезија, интернет	Учениците развиваат љубов кон поезијата, кон уметничката страна на јазикот; творат; воочуваат убаво рецитирање
Учениците да се запознаат со важноста и проблемите поврзани со водата и водените ресурси; Одговорно да се однесуваат кон водата бидејќи таа е извор на нашето здравје	Светски ден на водите – Водата и храната – достапност и безбедност	Предавања, работилници	24 март, 2025(за 22 Март)	Наставници по биологија, природни науки и наставници од одделенска настава	Подготвена пригодна содржина, материјални ресурси за работилница	Зголемени знаења за важноста на водата и обезбедувањето на чиста вода за пиење и одговорно однесување кон неа
Да се запознаат учениците со меѓународниот ден на лицата со епилепсија; Да се зголеми свеста за подобро разбирање на лицата кои страдаат од епилепсија и надминување на предрасудите	Светски ден на лицата со епилепсија	Предавања, работилници	24 Март, 2025	Инклузивен тим	Подготвена пригодна содржина, материјални ресурси за работилница	Учениците знаат за епилепсијата и имаат поголеми разбирања за овие лица – развиваат чувство на емпатија и хуманост

Да се негува и почитува традицијата на македонскиот народ Да се соработува со локалната самоуправа и заедница; Да се развива дружењето и градењето позитивна слика за себеси	Прочка – „Прочкарска смеа за секого“	маскенбал	28 Февруари, 2025	Весна Ацеска	Материјални ресурси за маските Поддршка од локалната самоуправа	Учениците ја почитуваат традицијата на македонскиот народ; Се соработува со локалната самоуправа и заедница; Учениците се дружат и низ заеднички активности развиваат позитивна слика за себеси.
Да се подигне нивото на свесност за зачувување на животната средина; Да се преземаат акции за чистење на околината; Да се запознаат со последиците од загадувањето на водата и почвата	Светски ден на планетата Земја	Предвања, работилници	22 Април, 2025	Наставници по биологија, природни науки и наставници од одделенска настава	Подготвена пригодна содржина, материјални ресурси за работилница	Учениците ја чуваат животната средина и преземаат акции за нејзино чистење; Зголемени знаења за загадувањето на водата, воздухот и почвата
Да се потсетат и запознаат учениците со значењето на меѓународниот ден на трудот	Меѓународен ден на трудот	Читање на пригодна содржина/ разговори со учениците за значењето на празникот	30 Април, 2025 (за 1 Мај)	Дијана Каравилоска	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот
Зголемување на свеста кај учениците за важноста од физичка активност, запознавање со последиците од недовола физичка активност	Светски ден на промоција на физичката активност	Предавање, истражување	4 мај, 2025	Наставници по ФЗО, биологија и наставници од одделенска настава	Претходно подготвени активности	Учениците се свесни за важноста на физичката активност врз нивното здравје, нејзините придобивки и последици од недоволната физичка активност

Учениците да се запознаат со историјатот на македонскиот јазик; Да се развива почит, интерес и желба кај учениците за правилно негување на македонскиот јазик и македонскиот правопис	Ден на македонскиот јазик	Читање на пригодна содржина; Едукативна работилница; Разговори со учениците за важноста од знаењето на макед. јазик и правопис од најрана возраст	5 Мај, 2025	Наставници по македонски јазик, библиотекар, наставници од одделенска настава	Подготвена пригодна содржина; Материјални ресурси за работилницата	Зголемени знаења за денот на македонскиот јазик; Учениците го учат, негуваат македонскиот јазик и правопис
Негување на почит кон делото на првите словенски учители; Развивање чувство на припадност кон нацијата	Ден на Светите браќа Кирил и Методиј	Читање на пригодна содржина/ разговори со учениците за значењето на празникот	23 мај, 2025	Дијана Каравилоска	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот Развиени чувства за грижа и почит кон сопствените културни и цивилизациски вредности
Почитување на училишниот патрон и на училиштето воопшто; Развивање чувство на заедништво и припадност	Ден на училиштето	Читање на пригодна содржина/ разговори со учениците за значењето на празникот; литературно читање, спортски натпревари квиз, пригодна програма	22, 23, Мај 2025	Тим за јавна и културна дејност	Претходно подготвена пригодна содржина; Претходно подготвена пригодна програма, Материјални и технички ресурси за програмата	Учениците знаат за животот и делото на Манчу Матак, негуваат чувство на почит, заедништво и припадност кон средината и нациијата
Градење спортски дух	Хуманитарен спортски турнир	Спортски натпревари	Јуни, 2025	Наставници, ученици, родители	Спортски реквизити	Позитивен однос кон дружењето низ спортски активности

Тим за за координација, реализација и следење на јавна и културна дејност и одбележување на значајни датуми: 1. Јане Петкоски – наставник 2. Весна Ацеска – наставник 3. Дејана Тренеска – наставник 4. Пеце Апостолоски – наставник 5. Лилјана Стојкоска - наставник 6. Татјана Петреска – наставник

Прилог бр. 23.

Програма за следење и евалувација на годишната програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани во учебната 2024/2025 година

Следењето и евалуацијата на реализацијата Годишната програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ за учебната 2024/2025 година ќе ја врши Комисијата за следење на реализацијата на Годишната програма за работа, а за истото ќе го запознае Училишниот одбор преку извештај на крајот учебната година.

Следењето на имплементацијата ќе се врши во текот на целата учебна година, а извештајот ќе се доставува на крајот од учебната година преку заклучоци и дадени препораки.

Евалуацијата ќе се врши преку: увид во работата на наставниците; увид во соработката со родителите; увид во постигањата на учениците; увид во состојбата; протоколи за следење на часови и активности; дискусии; прашалници; записници; извештаи.

Приоритетни подрачја за следење	**Начин на следење**	**Одговорно/ни лице/а**	**Кој треба да биде информиран за следењето**
Планирање, настава и учење: .1 Планирања на наставниците 1.2 Наставен процес 1.3 Искуства на учениците од учењето 1.4 Оценувањето како дел од наставата 1.5 Воннаставни активности и натпревари	- увид во работата на наставниците - увид во постигањата на учениците - протоколи за следење на часови - дискусии - прашалници - записници - извештаи	Комисија за следење и евалуација на Годишната програма за работа	Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина
Постигања на учениците: 2.1 Постигања на учениците 2.2 Мерки за подобрување на постигањата	- увид во работата на наставниците - увид во постигањата на учениците - протоколи за следење на часови - дискусии - прашалници - записници - извештаи	Комисија за следење и евалуација на Годишната програма за работа	Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина

Училишна клима и односи во училиштето 3.1 Училишна клима 3.2 Еднаквост и правичност 3.3 Партнерски однос со заедницата 3.4 Севкупна грижа за учениците	- увид во работата на наставниците - увид во постигањата на учениците - протоколи за следење на часови - дискусии - прашалници - записници - извештаи	Комисија за следење и евалуација на Годишната програма за работа	Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина
Управување, раководење и креирање политики: 4.1 Управување и раководење со училиштето 4.2 Цели и креирање на училишната политика	- увид во работата на наставниците - протоколи за следење на часови - дискусии - прашалници - записници - извештаи	Комисија за следење и евалуација на Годишната програма за работа	Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина

Комисија за следење и евалуација на Годишната програма:

1. Даниела Мицеска - директор
2. Убавка Бутлеска - педагог
3. Анета Гулабоска – психолог
4. Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор
5. Дејана Тренеска – предметен наставник
6. Христина Каравилоска – одделенски наставник